Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30.12.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 67/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот административен надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП, емитуван на 10 декември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 10 декември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четиричасовната програма емитувана на 10 декември 2014 година, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на својот програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за продукцијата на дневно - информативните емисии (вестите), законските обврски се почитуваат во делот на поединечните прилози каде се идентификуваат новинарите – автори на прилозите, снимателите, монтажерите.
  Во поглед на програмската целина - се идентификуваат водителите на вестите и, на одјавната шпица, уредниците. Недоследноста е во тоа што на одјавната шпица не се објавени податоците за други членови на екипата со значаен ангажман (на пример, името и презимето на камерманите или лицето задолжено за техничкото водство на емисијата).

- Во однос на сопствените програми, при емитување на премиерните изданија на некои емисии како на пример „24 од сè срце", „За животот", „Очи в очи", „Трета порта" на одјавната шпица не се објавени во целост податоците за екипата, особено во делот на ко-авторите задолжени за техничка реализација, додека кај репризните изданија (на пример „Очи в очи" и „24 Анализа") на одјавните шпици не се емитувани никакви податоци.

***Предлог мерка:***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сè други информации за поединечните содржини треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*30.12.2014 година*